**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 февруари 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

***ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:*** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 93-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубисав Иванов - Ѕинго, Теута Арифи, Али Ахмети, Хусенџеват Хусеини, Мендух Тачи, Трифун Костовски, Ванчо Георгиев, Никола Апостоловски, Игор Ивановски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Жарко Караџоски, Петар Наумовски, Силвана Бонева и Ванчо Стаменков ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да имаме кворум да го усвоиме дневниот ред.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници, но во секој случај ги молам пратениците да притиснат едно од копчињата на едно од системот за гласање.

Ве молам, притиснете на едно од копчињата.

На системот за гласање притиснале 53 пратеници.

Ги молам службите уште еднаш да ги избројат присутните пратеници во салата, за да бидеме коректни.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлог на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество на мировна опарација во Авганистан.

Предлагам Предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред - ***Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.***

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 65 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Бидејќи дневниот ред е исрпен, ја заклучувам 93-тата седница на Собранието на Република Македонија

Седницата заврши во 11,10 часот.